

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**мај, 2023 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ..... 2
**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ..... 3
Индустриско производство ..... 3
Број на работници во индустријата ..... 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5
Инфлација ..... 6
Берзански цени ..... 7
**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ..... 8
Извоз ..... 9
Увоз ..... 10
Салдо на трговска размена ..... 11
Валутна структура ..... 11
**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ..... 12
Буџетски приходи според економската класификација ..... 12
Буџетски расходи според економската класификација ..... 13
Расходи по буџетски корисници ..... 14
Буџетско салдо ..... 15
**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ..... 15
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 15
Плати ..... 16
Пензии ..... 17
**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ..... 18
Примарни пари ..... 18
Депозитен потенцијал ..... 18
Кредити на банките ..... 19
Каматни стапки на депозитни банки ..... 20
Пазар на капитал ..... 20
Девизни резерви ..... 21



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

мај, 2023 година

- Индустриското производство, во мај 2023 година, забележа раст од 6,1% во споредба со истиот месец претходната година;

- Во мај, потрошувачките цени регистрираа годишен раст од 11,3% (13,0% во април 2023 година) што преставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец, додека стапката на инфлација се зголеми за 0,4% на месечно ниво;

- Во периодот јануари - мај 2023 година извозот забележа раст од 6,0%, а увозот пад од 7,5%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 35,6% споредено со истиот период од 2022 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - мај 2023 година изнесуваа 109.599 милиони денари, односно 12,4% од БДП, што претставува повисоко остварување за 14,5% во однос на истиот период од 2022 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – мај 2023 година изнесуваа 124.620 милиони денари, односно 14,0% од БДП, што е за 19,6% повеќе во однос на истиот период претходната година;
- Во мај 2023 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 6,5% во споредба со мај 2022 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,7%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Индустриското производство во мај 2023 година забележа раст од 6,1% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторите Рударство и вадење камен (за 8,6%), Преработувачка индустрија (за 5,3%) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (за 4,0%).

Раст на производството во мај 2023 година бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 56,7% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст е забележан во гранките производство на машини и уреди за 23,8% со придонес од 1,8 п.п., производство на моторни возила, приколки и полуприколки бележи за 4,5% со придонес од 0,5 п.п., а гранката производство на електрична опрема бележи намалување за 5,7% со придонес од -0,4 п.п..




Од традиционалните гранки, во мај 2023 година, зголемување на производството се забележува во гранките: производство на пијалаци за 23,0% и придонес од 0,9 п.п., производство на тутунски производи за 91,6% со придонес од 0,9 п.п. и производство на текстил за 26,5% со придонес од 1,3 п.п., додека намалување на производството се забележува во гранките: прехранбена индустрија за 7,7% со придонес од -0,8 п.п., производство на облека за 4,4% со придонес од -0,3 п.п. и производство на кожа за 1,3% со придонес од 0,0 п.п..

Зголемување на индустриското производство според намената на произведените единици во мај 2023 година е резултат на зголеменото производство во следните гранки: Енергија (раст од 2,7% со придонес од 0,2 п.п.), Капитални производи (раст од 7,2% со придонес од 1,5 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 20,4% со придонес од 0,9 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 15,2% и придонес од 4,9 п.п.), додека намалување на производството бележи гранката Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 5,7%, придонес од -2,0 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари - мај 2023 година индустријата забележа раст од 1,0%, што се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 25,5% (придонес од 1,8 п.п.), додека намалување на производство бележат секторите Рударство и вадење камен од 3,1% (придонес од -0,3 п.п.) и Преработувачка индустрија од 0,5% (придонес од -0,4 п.п.).







Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - мај 2023 година е регистриран во гранките: Енергија (17,8%), Капитални производи (5,8%), Трајни производи за широка потрошувачка (3,9%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (7,8%), додека пад бележи само гранката Интермедијарни производи, освен енергија (12,8%) .

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во мај 2023 година е зголемен за 0,8% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,3%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен од 2,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 4,0%. Сепак, постојат гранки со висок раст на вработеноста, како што се: производство на моторни возила, приколки и полуприколки со раст од 15,3%, како и производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати со раст од 4,1%, и производство на текстил со раст од 3,7%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во мај 2023 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Капитални производи и тоа за 12,1%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - мај 2023 година бележи раст од 1,0%, што се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,5%, додека намалување на бројот на работниците бележат секторите Рударство и вадење камен од 2,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,9%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - мај 2023 година е зголемен во групата Капитални производи за 12,5%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во мај 2023 година издадени се вкупно 317 одобренија за градење, што претставува пад од 1,9% во однос на истиот месец од 2022 година. Споредено со април 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 3,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во мај 2023 година е повисока за 23,4% на годишна основа, а во однос на претходниот месец бележи пад од 22,4%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 137 (или 43,2%) се наменети за објекти од високоградба, 119 (или 37,5%) за објекти од нискоградба и 61 (или 19,3%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 317 издадени одобренија за градба, на 142 објекта (или 44,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 175 објекти (или 55,2%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во мај 2023 година предвидена е изградба на 675 станови со вкупна корисна површина од 54.646 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 71,8% на месечно ниво, а за 32,4% на годишно ниво.

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(мај 2023)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.7:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*






Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Инфлација

Потрошувачките цени, во мај 2023 година, регистрираа годишен раст од 11,3% (13,0% во април 2023 година) што преставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец. Инфлацијата главно се должи на нивото на цените на храната и енергентите, но и на растот на базичната инфлација која сè уште регистрира високи стапки на раст. Цената на струјата во 2022 година се зголеми како резултат на одлуката на РКЕ за зголемување во два наврата.

Кумулативно, во првите пет месеци од 2023 година стапката на инфлација изнесува 14,5%.

Во мај, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) регистрира раст и таа изнесува 9,0% на годишна основа, при што најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категориите Ресторани и хотели и Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата.



Графикон 1.8: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)
Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот (6,0 п.п. придонес во растот во мај), се зголемија за 14,6% (16,5% претходниот месец) на годишно ниво. Исто така, и овој месец се забележува намалување на придонесот на стапката на раст на цените во категоријата храна во вкупната инфлација и забавување на годишната стапка на раст на цените во категоријата храна како резултат на намалувањето на цената на храната на светските берзи, како и на мерките на Владата за намалување и замрзнување на цените во трговијата на мало. Растот на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: месо (годишен раст од 23,4%, придонес 2,1 п.п.), леб и житни производи (годишен раст од 20,1%, придонес 1,7 п.п.) и млеко, сирење и јајца (годишен раст од 18,1%, придонес 1,4 п.п.). Во мај, цената на маслото се намали за 20,5%.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во мај 2023 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 18,3%. Раст на цените е регистриран во сите категории, и тоа: Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 15,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 14,4%, Разновидни стоки и услуги од 12,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,6%, Рекреација и култура од 6,3%, Облека и обувки од 4,8%, Здравствена заштита од 4,6%, Образование од 3,5% и Комуникации од 1,0%.



Графикон 1.9: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.)*
Извор: ДЗС.

Намалување е регистрирано во категоријата Транспорт од 2,7%, како резултат на намалување на цените на горивата.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Во мај, потрошувачките цени се зголемија за 0,4% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,7%). Овој месец, категоријата Храна и безалкохолни пијалаци регистрира раст од 1,6% (пад од 0,2% претходниот месец), при што најголем придонес во растот на месечно ниво има зголемувањето на цените на лебот (0,6 п.п.) и на шеќерот (0,5 п.п.).

Во мај раст на цените регистрираа следниве категории: Здравствена заштита и Облека и обувки од по 1,5%, Ресторани и хотели од 0,9%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 0,8%, Разновидни стоки и услуги од 0,3% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Комуникации од по 0,1%. Цените во категориите Транспорт и Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива се намалија за 5,5% и 0,5%, соодветно. Цените во категоријата Рекреација и култура останаа непроменети.

Во мај 2023 година, цените на мало се зголемија за 7,5% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа пад од 1,0%. Во првите пет месеци од 2023 година цените на мало се зголемија за 10,8%.

Во еврозоната, стапката на инфлација во мај 2023 година споредено со претходниот месец регистрира намалување за 0,9 п.п. и изнесува 6,1% (7,0% во април). Гледано по компоненти, цените на храната, алкохолот и тутунот се зголемија за 12,5% (13,5% во април), на неенергетските индустриски добра за 5,8% (6,2% во април) и на услугите за 5,0% (5,2% во април), додека цените на енергијата се намалија за 1,7% (2,5% во април). Согласно забавувањето на стапката на инфлација, очекувањата за движењето на цените на храната на светските берзи и намалените цени на енергијата, ЕЦБ ја ревидира стапката на инфлација во надолна насока и, согласно проекциите од март, стапката на инфлација во 2023 година би достигнала 5,3%, 2,9% во 2024 и 2,1% во 2025 година.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во мај 2023 година регистрира пад од 10,1% на месечно ниво и изнесува 74,1 долар за барел (веќе неколку месеци по ред цената на нафтата е под 100 долари за барел). Цената на суровата нафта забележа драматичен раст од февруари 2022 година како резултат на војната помеѓу Русија и Украина односно стравувањата од прекин во снабдувањето поради воведените санкции од страна на западните земји кон Русија и можните контрасанкции од страна на Русија, меѓутоа од јули 2022 година цените забележаа пад како резултат на зголемените стравувања од глобална рецесија, воведениот карантин во Кина и постојаниот раст на каматните стапки, што може да предизвика намалување на побарувачката. На годишно ниво, цената на нафтата е пониска за 32,7%.

Во 2022 година, цената на природниот гас континуирано

Графикон 1.10: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Графикон 1.11: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

регистрира високи стапки на раст (раст од 115,5% во споредба со 2021 година) како резултат на зголемената побарувачка, особено по нападот на Русија врз Украина. Во август 2022 година, цената на гасот регистрира рекорден раст, меѓутоа од септември таа забележа пад како резултат на поволните временски услови и обезбедените залихи гас. Како резултат на тоа трендот продолжи и во 2023 година. Во мај 2023 година, цената на природниот гас регистрира пад од 16,6% на месечно ниво. На годишно ниво, цената на природниот гас во мај 2023 година се намали за 66,4%.

Цените на енергентите на светските и регионалните берзи во 2021 и 2022 година значително се зголемија во однос на 2020 година. Кон крајот на 2022 и почетокот на 2023 година се забележува одредено стабилизирање, па така во мај 2023 година цената на електричната енергија, според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX), изнесува 88,2 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 17,4%. Во мај цената на електричната енергија регистрира пад од 56,9% на годишно ниво,.

Графикон 1.12: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

Во мај 2023 година, цените на основните метали се намалија на месечно ниво, па така цената на цинкот се намали за 10,5%, на никелот за 8,1%, на бакарот за 6,7%, на алуминиумот за 3,2%, на оловото за 3,1% и на калајот за 1,0%. Цената на железната руда регистрира пад од 10,4% на месечна основа.

Цената на пченката на светските берзи во мај 2023 година се зголеми за 7,9% на месечна основа, додека цената на пченицата регистрира пад од 6,0%. Цената на сончогледовото масло регистрира пад од 7,1% споредено со претходниот месец.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите пет месеци од 2023 година изнесува 8.158,7 милиони евра и бележи пад од 2,1% во однос на истиот период минатата година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
(износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - мај 2023 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]) како најголем трговски партнер е зголемено за 2,6 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 62,1%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите пет месеци од 2023 година изнесува 25,4% и е зголемено за 2,7 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

[1] Започнувајќи од мај 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - мај 2023 година изнесува 3.557,7 милиони евра и бележи раст од 6,0% (201,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 4,8%.

Вредноста на извезените стоки во мај 2023 година изнесува 769,9 милиони евра и бележи раст од 4,9% (35,7 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 5,6% споредено со мај 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2023 година извозот бележи раст од 16,3% (108,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен раст од 11,5%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (4,9 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - мај 2023 година се: хемиски материи и производи, електрични машини и делови, железо и челик, друмски возила, облека, мебел и негови делови и електрична енергија. Овие седум групи производи сочинуваат 71,0% од вкупниот извоз на државата.

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Графикон 2.3: Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - мај 2023 година споредено со истиот период од 2022 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, додека пад има во групациите: Организација на земјите извозничи на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 7,8% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан раст од

Графикон 2.4: Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

---

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир,

6,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,7% и 11,4%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - мај 2023 година изнесува 4.601,0 милион евра и бележи пад од 7,5% (375,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 8,3%.




Вредноста на увозот во мај 2023 година изнесува 984,1 милион евра, што претставува пад од 6,3% (65,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а увезените количини стоки се намалени за 2,0% споредено со мај 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2023 година увозот бележи раст од 14,8% (126,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 17,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (2,5 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2022 | I-V-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 62,6 | 52,2 | -10,4 | -16,6 |
| Мил.ЕУР | 58,4 | 41,5 | -16,9 | -28,9 |
| Мил $ | 63,9 | 44,8 | -19,1 | -29,9 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2022 | I-V-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 511,3 | 483,5 | -27,8 | -5,4 |
| Мил.ЕУР | 423,4 | 353,5 | -70,0 | -16,5 |
| Мил $ | 464,1 | 381,5 | -82,6 | -17,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2022 | I-V-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 28,9 | 32,5 | 3,5 | 12,3 |
| Мил.ЕУР | 975,3 | 1.058,7 | 83,4 | 8,6 |
| Мил $ | 1.073,1 | 1.143,8 | 70,7 | 6,6 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2022 | I-V-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 12,7 | 10,7 | -2,0 | -15,8 |
| Мил.ЕУР | 78,4 | 76,0 | -2,4 | -3,1 |
| Мил $ | 86,3 | 82,1 | -4,3 | -4,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2022 | I-V-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 336,1 | 301,3 | -34,8 | -10,4 |
| Мил.ЕУР | 434,8 | 261,2 | -173,6 | -39,9 |
| Мил $ | 478,2 | 282,2 | -196,0 | -41,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-V-2022 | I-V-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 365,6 | 273,8 | -91,8 | -25,1 |
| Мил.ЕУР | 320,2 | 210,5 | -109,7 | -34,3 |
| Мил $ | 352,7 | 227,5 | -125,2 | -35,5 |

*)Претходни податоци

Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - мај 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 35,6% односно 576,9 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во мај 2023 година споредено со мај 2022 година, трговскиот дефицит се намали за 32,2% односно 101,6 милиони евра.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и на зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - мај 2023 година, 89,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Русија, Србија, Полска, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Унгарија, Шпанија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,6% од трговската размена во периодот јануари - мај 2023 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2022 година претставува зголемување за 2,4 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 95,2% и 90,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 3,7 п.п., а кај увозот за 1,3 п.п. во однос на периодот јануари – мај 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-V -2022 | | | | | I-V -2023 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 2 302,4 | 4 440 578 682 | 61,6754 | 273 874 466 471 | 89,2 | 2 610,4 | 4 163 571 044 | 61,6259 | 256 583 812 775 | 90,5 | -277 007 639 | -6,2 |
| УСД | 863,0 | 552 408 550 | 56,0343 | 30 953 826 416 | 10,1 | 290,7 | 434 750 535 | 57,0737 | 24 812 821 582 | 8,8 | -117 658 016 | -21,3 |
| ГБП | 0,6 | 8 049 847 | 73,5343 | 591 939 846 | 0,2 | 0,9 | 9 153 548 | 70,0246 | 640 973 513 | 0,2 | 1 103 701 | 13,7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3 166,0 | | | 305 420 232 733 | 99,3 | 2 901,9 | | | 282 037 607 870 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 3 172,1 | | | 306 928 207 648 | 100,0 | 2 908,8 | | | 283 565 899 358 | 100,0 | | -7,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - мај 2023 година изнесуваа 109.599 милиони денари, односно 12,4% од БДП, што претставува повисоко остварување за 14,5% во однос на истиот период од 2022 година. Во споредба со мај претходната година буџетските приходи бележат зголемување од 32,3%, во март 2023 година беше забележан годишен раст на приходите од 30,2%, а во април истата година пад од 2,5%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Даночните приходи се реализирани во износ од 61.019 милиони денари и се повисоки за 7,7% во однос на периодот јануари – мај 2022 година, како резултат на растот на приходите од персоналниот данок на доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите и увозните давачки.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 44,7% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 27.267 милиони денари и бележат зголемување од 5,3% во однос на периодот јануари – мај претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 44.139 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 16,871 милион денари (бруто наплатата е повисока 0,6%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 6,1% споредено со 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 9,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 26,9%.

Акцизите се остварени во износ од 10.412 милиони денари (учество од 17,1% во даночните приходи), што претставува зголемување од 6,5% во споредба со периодот јануари – мај 2022 година. Така, само од овие два индиректни данока остварени се вкупно 37.679 милиони денари, што претставува 61,7% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – мај 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 10.232 милиона денари и бележат раст од 14,2% на годишна основа, а притоа 64,0% од приходите се од плата и други лични примања, 8,4% од приходи од капитал, 8,6% од приходи по основ на договор на дело, 7,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,7% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка, во периодот јануари – мај 2023 година, изнесуваа 8.428 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 9,0% во однос на истиот период претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемија за 29,7%, а даночните биланси се намалија за 8,0%.

Приходите од царина се остварени во износ од 4.397 милиони денари и забележаа зголемување од 9,1%. Приходите од други даноци со остварен износ од 283 милиони денари забележаа зголемено остварување за 11,0% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 35.577 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 18,9% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 18,9%, кај придонесите за вработување за 19,3% и кај придонесите за здравствено осигурување за 18,9%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 6.472 милиона денари и во однос на перидот јануари – мај 2022 година забележаа пониско остварување за 2,2% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се оствarија во износ од 332 милиона денари, што претставува намалување за 31,7% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 5.695 милиони денари и се повисоки за 4,5 пати во однос на истиот период од 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – мај 2023 година изнесуваа 124.620 милиони денари, односно 14,0% од БДП, што е за 19,6% повеќе во однос на истиот период претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 108.296 милиони денари учествуваа со 86,9% и се зголемени за 11,7% во однос на периодот јануари – мај 2022 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 14.081 милион денари, што претставува зголемување за 7,9% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 11,3%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 7.670 милиони денари и споредено со периодот јануари – мај 2022 година забележаа зголемување од 5,4%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 81.877 милиони денари. Средствата за трансфери бележат раст од 11,5% во однос на периодот јануари – мај 2022 година, а учествуваа со 65,7% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 11,5% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 58.702 милиона денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 47,1%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 36.286 милиони денари, што претставува зголемување за 13,5% споредено со периодот јануари – мај 2022 година и учествуваат со 29,1% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери се забележува зголемување од 11,8%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 11.403 милиони денари или зголемување за 4,7%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 9.485 милиони денари бележат зголемување од 17,4% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 16.324 милиони денари со структурно учество од 13,1% во вкупните расходи, така што забележаа значително повисока реализација од 124,9% (за двапати) во споредба со периодот јануари – мај 2022 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува околу 80% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика, во перидот јануари – мај 2023 година, реализира 24.910 милиони денари или 46,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 16.833 милиони денари или 48,2% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 23,5% во вкупните расходи и за оваа намена се реализираа 46,1% (5.860 милиони денари) од планираните за 2023 година.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(мај 2023 година)*




Извор: МФ.

Во јануари – мај 2023 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 15.906 милиони денари, што претставува 21,5% од предвидените за 2023 година. Отплата на главнина (7.239 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 45,5%, а притоа се реализирани 13,9% од планираните. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 29,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 4.648 милиони денари или 36,0% од вкупниот буџет за оваа намена. За капитални расходи се издвоени 1.714 милиони денари (49,1% од планираното), односно 10,8% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 13.295 милиони денари, што е 41,6% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (60,2%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 8.003 милиони денари или 41,4% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,1%, за што се потрошени 2.145 милиони денари, односно 40,9% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – мај 2023 година, Министерството за внатрешни работи реализира 4.919 милиони денари, што претставува 38,6% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,2%, за што се потрошени 3.353 милиони денари или 39,1% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 24,6% и за неа се реализирани 1.209 милиони денари или 49,9% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 4.863 милиони денари што претставува 55,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 95,5% во вкупните расходи, реализирани се 63,3% од планираните средства за цела година, односно 4.645 милиони денари.

Министерството за одбрана, во периодот јануари – мај 2023 година, реализира буџетски средства во износ од 5.480 милиони денари, што е 32,2% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

надоместоци има најголемо учество во расходите со 39,2%, за што се реализирани 2.151 милион денари (43,0% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 24,1% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 1.321 милион денари, односно 20,2% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија, во периодот јануари – мај 2023 година, реализира вкупно 3.486 милиони денари, односно 19,5% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капиталните расходи учествуваат со високи 78,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се 2.718 милиони денари (52,5% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари – мај 2023 година, изврши буџетски средства во износ од 1.741 милион денари или 25,1% од вкупниот буџет за 2023 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите, 54,0%, за што се потрошени 940 милиони денари или 31,4% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 600 милиони денари (18,9% од планираното за годината) и учество од 34,5% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски реализира 8.236 милиони денари, што е 41,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 96,2% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (7.923 милиони денари или 41,9% од вкупно планираните средства).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – мај 2023 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 15.021 милион денари, што претставува 1,7% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 16.199 милиони денари и претставува 1,8% од БДП. Буџетскиот дефицит во 2023 година изнесува 35,1% од вкупно планираниот буџетски дефицит.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите пет месеци од 2023 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 81.142 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2022 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 0,3%, со што продолжи трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи, кој започна во април 2021 година и трае последните две години, односно до април 2023 година, со исклучок на август 2022 година и февруари 2023 година. Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување забави поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 41,1% се вработени на неопределено време, а другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во мај 2023 година, 15,1% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во мај 2023 година изнесува 153.157, од кои 107.744 се активни баратели на работа, а 45.413 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 8,7%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 988, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица кој беше прекинат во октомври 2022 година. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.

Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,6%) е градско население, а според половата структура 49,2% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,1%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,2% се со завршено средно образование, додека 7,7% имаат више или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,6% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 60,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 12,3% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата, во април 2023 година, оствари годишен раст од 14,6%, а во однос на март 2023 година таа е повисока за 3,5%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на април 2022 година се забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (28,1%), Административни и помошни услужни дејности (21,7%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (17,8%). Реалните плати во април 2023 година забележаа годишен раст од 1,4%.

Графикон 4.3: Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Просечната номинална бруто-плата во април 2023 година споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 15,0%, а на месечна основа е повисока за 3,6%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во април 2023 година во однос на април 2022 година се забележува во следните сектори: Финансиски

дејности и дејности на осигурување (28,8%), Административни и помошни услужни дејности (21,9%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (18,4%). Во април, реалната бруто-плата забележа годишен раст од 1,8%.




## Пензии

Во мај 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 334,130 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 69,4% се корисници на старосна пензија, 22,4% на семејна пензија и 8,2% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во мај 2023 година изнесува 19.031 денар или за 16,6% повисока во однос на истиот месец од 2022 година[5]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според новата методологија којашто предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Во согласност со оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.




Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,7%.

Просечната старосна пензија во мај 2023 година изнесува 20.557 денари, просечната инвалидска пензија 16.970 денари, а просечната семејна пензија 15.064 денари. За исплата на пензиите во мај 2023 година се потрошени 6.222 милиона денари, што претставува 52,5% од вкупните социјални трансфери.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во мај 2023 година, Народната банка ја зголеми основната каматна стапка за 0,25 п.п. односно од 5,50% на 5,75%. Во текот на 2022 година, Народната банка ја зголеми основната каматна стапка во неколку наврати (од 1,25% во март) како одговор на зголемената инфлација, а трендот на зголемување на каматните стапки продолжи и во 2023 година.

Затегнувањето на монетарната политика се должи на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити ( мај 2023 година)




Извор: НБРСМ.

Во мај, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена се зголемија за 0,25 п.п. и изнесуваат 3,65% и 3,70%, соодветно.

## Примарни пари

Во мај 2023 година, примарните пари[6] се зголемија за 7,9% на годишно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 7,7% и на растот на готовите пари за 8,1%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 13,2%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 30,2%, додека готовите пари во оптек се намалија за 0,6%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките, во мај 2023 година, се зголемија за 1,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатијата се зголемија за

Графикон 5.2: Депозити и кредити (*стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

5,3%, а депозитите на домаќинствата за 0,6%.

Од аспект на валутата, во мај 2023 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа зголемување за 2,6% и 1,0%, соодветно.

Во анализираниот период, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 10,7% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 12,7% и 8,2% на годишно ниво.

Од аспект на секторот, овој месец депозитите на претпријатијата бележат раст од 17,8%, а депозитите на домаќинствата од 8,7% на годишно ниво.

Според рочноста, краткорочните депозити се зголемија за 4,6%, а долгорочните депозити за 15,1% на годишно ниво.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,6%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (мај 2023 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***501685*** | ***1,9%*** | ***10,7%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *278.962* | *2,6%* | *12,7%* |
| *Странска валута* | *222.723* | *1,0%* | *8,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *214.036* | *0,1%* | *4,6%* |
| *Долгорочни* | *105.159* | *2,9%* | *15,1%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***429.626*** | ***0,9%*** | ***6,5%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *245.014* | *0,7%* | *2.7%* |
| *Странска валута* | *184.612* | *1,2%* | *11,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *68.263* | *-1,3%* | *1,3%* |
| *Долгорочни* | *346.359* | *1,3%* | *8,3%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во мај 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,9% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон претпријатијата и кредитите кон домаќинствата се зголемија за 1,0% и 0,9%, соодветно.

Од аспект на валутата, во мај 2023 година, на месечно ниво, денарските кредити и девизните кредити се зголемија за 0,7% и 1,2%, соодветно.

На годишна основа, во мај 2023 година вкупните кредити се зголемија за 6,5%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата и кредитите кон претпријатија од по 6,5%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 2,7%, а кредитите во странска валута за 11,9%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,3%, а краткорочните кредити од 1,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во мај 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,09%. Каматната стапка на денарските кредити се зголеми за 0,05 п.п. на месечно ниво и изнесува 5,24%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 4,92%.




Вкупната каматна стапка на депозитите во мај 2023 година се зголеми за 0,05 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,22%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,06 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,62%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,06 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 0,91%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во мај 2023 година, вкупниот промет на берзата регистрира пад од 61,3% на месечно ниво, како резултат на падот на прометот од блок трансакциите за 84,1%, додека прометот од класичното тргување се зголеми за 5,8%.




Вкупниот промет на берзата во мај 2023 година изнесува 378,6 милиони денари, што значи дека е намален за 34,5% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на мај 2023 година изнесува 5.842,14 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 2,3%, а во однос на истиот месец претходната година регистрира пад од 3,8%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на мај 2023 година изнесуваа 4.174,7 милиони евра и во однос на претходниот месец регистрираа зголемување од 1,2%, а во однос на мај 2022 година се зголемија за 31,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0